## НАРОДНА БАНКА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 69 од Законот за Народната банка на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 3/2002, 51/2003, 85/2003, 40/2004, 61/2005 и 129/2006), член 71 став 8 и член 72 став 3 од Законот за банките („Службен весник на Република Македонија“ бр. 67/2007) и точка 42 од Одлуката за лимитите на изложеноста („Службен весник на Република Македонија“ бр. 31/2008), гувернерот на Народната банка на Република Македонија донесе

**УПАТСТВО**
**за измени и дополнувања на Упатството за спроведување на Одлуката за лимитите на изложеноста**
**(„Службен весник на Република Македонија“ бр. 29/2009)**

I. Во Упатството за спроведување на Одлуката за лимитите на изложеност („Службен весник на Република Македонија“ бр. 78/2008), се вршат следниве измени и дополнувања:

1. Во глава VII точката 27 се менува и гласи:

„27. Во колоната бр 3 - „износ“, се внесува соодветниот износ на вкупната изложеност, односно вложувањата во нефинансиски институции, и тоа:

- Во редот бр. 1 се внесува вкупната изложеност кон лицата со посебни права и одговорности, односно износот од образецот П1, ред. бр. I, колона бр. 8;
- Во редот бр. 2 се внесува вкупната изложеност кон подружници на банката и акционери со квалификувано учество во банката, прикажан во образецот П2, ред. бр. III, колона бр. 8;
- Редот бр. 3 претставува збир на редовите бр. 1 и 2, односно ја прикажува вкупната изложеност на банката кон лицата поврзани со неа, којашто претставува основа за утврдување на лимитите на изложеноста;
- Во редот бр. 4 се внесува износот на вкупните капитални делови на банката во нефинансиски институции од образецот П3, ред. бр. I, колона бр. 6;
- Во редот бр. 5 се внесува вкупниот износ на имотот на банката во земјиште, згради, опрема и на капиталните делови во нефинансиски институции, утврден согласно со глава IV од Одлуката;
- Во редот бр. 6 се внесува вкупниот износ на големи изложености на банката, односно износот од образецот П4, ред. бр. I, колона 11.“

2. Во глава VII точка 30 став 1, алинеите 1 и 2 се менуваат и гласат:

„- доколку вкупниот износ на изложеноста од редовите бр. 1, 2 и 6 ја вклучува и изложеноста на пазарен ризик, во оваа колона се внесува износот на сопствените средства утврден согласно со точка 9 став 1 од Одлуката (СС 2);

- доколку вкупниот износ на изложеноста од редовите бр. 1, 2 и 6 се состои само од изложеноста на кредитен ризик, во оваа колона се внесува износот на сопствените средства утврден согласно со точка 9 став 2 од Одлуката (СС 1). Овој износ на сопствени средства се внесува и во редовите бр. 4 и 5 од оваа колона."

3. Во глава VII точка 31, зборовите: „лимитот на агрегатниот износ на капитални делови", се заменуваат со зборовите: „лимитите на вложувањата".

4. Главата VII. ПРЕОДНИ ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ, станува глава VIII. ПРЕОДНИ ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ.

II. Ова Упатство влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

**Бр. 16 - 2**
**24.02.2009 година**
**Скопје**

**м-р Петар Гошев**
**гувернер**